# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ,,АВРАМ ПИСЕВСКИ’’ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА



**Август 2022**

# Содржина


Вовед........ 2

Општи податоци за основното училиште ........ 4

Податоци за условите за работа на основното училиште ........ 6

Податоци за вработените и за учениците во основното училиште ........ 9

Материјално-финансиско работење........ 15

Мисија и визија на училиштето........ 16

"Lessons learned" – Веќе научено / стекнати искуства ........ 17

Реализација на акциски планови - Подрачја на промени, приоритети и цели ........ 17

Програми и организација на работата во основното училиште ........ 19

Воннаставни активности ........ 24

Ученичко организирање и учество ........ 25

Вонучилишни активности ........ 26

Натпревари со учениците........ 26

Унапредување на мултикултурализам/интеркултурализам и меѓуетничката интеграција........ 26

Проекти што се реализирани во основното училиште во учебната 2021/22 година ........ 27

Поддршка на учениците ........ 28

Оценување ........ 29

Безбедност во училиштето........ 30

Грижа за здравјето........ 31

Училишна клима ........ 33

Професионален и кариерен развој на воспитно –образовниот кадар ........ 34

Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето........ 35

Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште........ 35

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА ........ 38

СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД I - IX ОДДЕЛЕНИЕ –НА КРАЈ НА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА ........114

**Вовед**

ООУ „Аврам Писевски“ с. Бардовци, Скопје го изготви Годишниот извештај за работа во учебната 2021/2022 година врз основа на реализираните активности планирани во Годишната програма за работа на училиштето. Во овој документ, се наведени реализираните активности во текот на учебната 2021/2022 година, нивните носители и реализатори, формите и начините на работа, успехот и поведението на учениците и предлози за подобрување на воспитно - образовниот процес.

Годишниот извештај за работа на училиштето е изготвен врз основа на следните документи:

1. Законот за основно образование;
2. Законот за работни односи;
3. Концепција за деветгодишно основно образование;
4. Концепција за основно образование од март 2021г.;
5. Статутот на училиштето;
6. Подзаконски и интерни акти и правилници;
7. Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта;
8. Наставни планови и програми, нови наставни програми за прво и четврто одделение;
9. Програма за работа на училиштето
10. Концепција за вонаставни активности, БРО, 5.3.2020 година
11. Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
12. Законот за работни односи
13. Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година
14. План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година
15. Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година
16. Календар за изменување на календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година бр.12-674/1 од 18 јануари 2022 година
17. Календар за дополнување на календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година

## 1.Општи податоци за основното училиште

### 1.1 Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ„ Аврам Писевски“** |
| Адреса, место, општина | ул.2 бр.10,<br>Општина Карпош, Скопје |
| Телефон | 02/3095949 |
| Факс | 02/3095949 |
| Веб-страница | oouavrampisevski.edu.mk |
| Е-маил | info@oouavrampisevski.edu.mk;<br>direktor@oouavrampisevski.edu.mk |
| Основано од | Општински комитет за образование,култура и физичка култура |
| Верификација-број на актот | Со решение бр.11 587/1986 година |
| Година на изградба | 1979 година |
| Тип на градба | цврста градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2250 $м^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 7250 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 500 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено греење на нафта |
| Училиштето работи во смени | една смена |
| Број на паралелки | 14 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Сензорна соба |

**1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште**

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Јасмина Димчевска - Претседател на УО - претставник од редот на наставниот кадар<br>Зорица Бебекоска-Спиридонов- претставник од редот на наставниот кадар<br>Александра Смилковска - претставник од редот на наставниот кадар<br>Маја Христовска претставник од редот на наставниот кадар<br>Милан Иваноски- претставник од Совет на родители<br>Маријана Младеновска - претставник од Совет на родители |
| **Членови на советот на родители(име и презиме)** | Андријана Јаневска - претседател<br>Милан Ивановски-заменик претседател<br>Андријана Јаневска - записничар |
| **Стручни активи (видови)** | Наташа Весковски- стручен актив на наставниците од одделенска настава<br>Зорица Бебекоска – Спиридонов - стручен актив на наставниците од природно-математичката група на предмети<br>Љубица Манов- стручен актив од јазично-општествената група на предмети<br>Слаѓана Чекичевска - стручен актив од предмети по вештини и уметничко-техничко |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Одделенски совет на наставници од одделенска настава – 10 наставници<br>Одделенски совет на наставници од предметна настава – 17 наставници |
| **Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)** | Кристина Андриќ Стојановска -директор<br>м-р Елизабет Солтирова- психолог<br>Маријана Грчевска Чадиковска -дефектолог<br>Абибе Сулејманова-родител<br>Валентина Ангелевска - родител<br>Слободанка Пешевска -одд. наставник<br>Слаѓана Чекичевска - предметен.наставник |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 3 ученици по 15 паралелки |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | 8 ученици (претседатели на паралелки (7,8 и 9 одд.),<br>Претседател на ученичкиот парламент - ученик Михаела Младеновска, заменик претседател Петар Јовановиќ,<br>Ученички правобранител - Клементина Марковска |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

### 2.1. Мапа на основното училиште





### 2.2. Податоци за училишниот простор

Училишната зграда (од цврста градба) има покриена површина од 2316 м2, каде што се сместени училници, кабинети, фискултурната сала и друг помошен простор за нормално одвивање на наставата. Училишниот двор има површина од 7250 м2, со надворешните спортски терени (500м2) и 5000m2 дворна површина, од која 1700m2 се уредени со зеленило и пристапна патека. Вкупната површина на училиштето (зградата и дворот) е 10000м2. Училиштето се затоплува со сопствен систем за парно греење со користење на нафта.

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | Една |
| **Број на подрачни училишта** | Нема |
| **Бруто површина** | 10.000 $м^2$ |
| **Нето површина** | 2316 $м^2$ |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 2 ( приземје и кат) |
| **Број на училници** | 12 |
| **Број на помошни простории** | 8 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено греење на нафта |

### 2.3. Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 770$м^2$ | |
| Кабинети | 2 | 12$м^2$ | |
| Библиотека | 1 | 28,11 $м^2$ | |
| Сензорна соба | 1 | 18,5 $м^2$ | |
| Читална | / | / | |
| Спортска сала | 1 | 560 $м^2$ | |
| Канцеларии | 4 | 141,8 $м^2$ | |
| Училиштен двор | | 7600$м^2$ | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | |
| Кујна | / | / | |
| Трпезарија | / | | |
| Друго | Чајна кујна | 16 $м^2$ | |

**2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“**

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни** | **Потребна опрема и наставни** |
|---|---|---|
| Компјутери **(одд и предметна одд.)** | 6 | |
| Таблети за ученици | 15 | |
| Лаптопи (предметна настава) | 8 | |
| Лап топ за наставници | 2 | |
| Лап топи за администрација | 4 | |
| Интерактивна табла(предметна и одделенска) | 4 | |
| Апарат за пластифицирање | 1 | |
| Апарат за укоричување | 1 | |
| ЛЦД | 7 | |
| ДВД | 1 | |
| ДВД/ЦД/МП3 Комбо | 1 | |
| Телевизори | 1 | |
| ЦД – плеери | 2 | |
| Музички систем | 1 | |
| Пијано | 1 | |
| Принтери | 6 | |
| Фотокопири | 3 | |
| Дигитален фотоапарат | 2 | |
| Микроскоп | 2 | |
| Спорка опрема | Јаже за прескок – 3, Шах табла-Маса за пинг-понг -1, Отскочна даска -2, Шведски сандак 1 | |
| Топки за фудбал | 6 | |
| Топки за ракомет | / | |
| Топки за баскет | 4 | |
| Хулахопи | 6 | |
| Чуњеви | 10 | |
| Греди | 2 | |
| Кошеви | 3 | |

Во тек на учебната година опремен е кабинетот по хемија и биологија со современи нагледни средства неопходни за изведување на наставата. ООУ,,Аврам Писевски,, е дел проектот на МОН – Проект за унапредување на основното образование – ПИЕП проект.
Во учебната 2021/22год училиштето е опремено и збогатено со дидактички материјал за работа со деца со ПОП, од страна на Фондацијата за културни и образовни иницијативи “Чекор по чекор” и “ Ротари Клуб Скопје Север” заедно со “РК Бутел Скопје”.
Спортски реквизити беа доделени од страна на Федерација на училишен спорт на Македонија.

### 2.5.Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Учебници | 4200 |
| 2. | Лектири | 430 |
| 3. | Стручна литература | 1800 |
| 4. | Сериски публикации | / |

### 2.6.План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Преселба на библиотека(пренамена на просторија за библиотека) | 28.11 $м^2$ | библиотека |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1.Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Р.бр. | Име и презиме | Година На раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Одде./ парал. | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Слободанка Пешевска | 1968 | Проф.по предучи. настава | ВСС 7/1 | Одд. настава | 1а | 20 |
| 2. | Александра Гаврилоска | 1977 | Проф. по оддел. настав. | ВСС 7/1 | Одд. настава | 2а | 22 |
| 3. | Снежана Богдановиќ | 1988 | Проф. по одд.настава | ВСС 7/1 | Одд. настава | 5а | 22 |
| 4. | Оливера Петрушевска | 1983 | Проф. по оддел. настава | ВСС 7/1 | Одд. настава | 3б | 24 |

-

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Весна Спасенцовска (замена) | 1977 | Проф. По оддел. настава | ВСС 7/1 | Одд. настава | 5б | 22 |
| 6. | Александра Смилковска | 1978 | Проф. по оддел. настава | ВСС 7/1 | Одд. настава | 3а | 24 |
| 7. | Наташа Весковски | 1986 | Проф. по оддел. настава | м-р | Одд. настава | 4б | 22 |
| 8. | Ангела Петров | 1979 | Проф. По одд. Настава м-р по политички науки | м-р | Одд.настава | 2б | 22 |
| 9. | Александра Илиевска | 1975 | м-р по психологија и Проф. по математика и физика | м-р | Наст по физ.и матем. | 6а | 20 |
| 10. | Ивана Ристовска | 1985 | Проф. по мак.јазик | ВСС 7/1 | Нас по Мак.јазик | 6а,7а, 7б, 9а, 9б | 20 |
| 11. | Слаѓана Чекичевска | 1965 | Проф. по музичко Образо. | ВСС 7/1 | Нас по музич образов | 6а,7а,7б,8 а 9а и 9б | 14 |
| 12. | Зорица Бебекоска Спиридонов / Љубица Стојковска(замена) (6.10-28.11.2021) | 1968 | Проф. по хемија | ВСС 7/1 | Нас по хемија | 5а,5б, 6а, 8а, 9а,9б | 17 |
| 13. | Наташа Томшиќ | 1980 | Проф по англ. јазик и книжевност | ВСС 7/1 | Нас по англ. јазик | 1а, 6а, 7а, 7б, 8а, 9а, 9б | 20 |
| 14. | Љубица Манов | 1988 | Проф .по англ. јазик и книжевност | м-р | Наст по.англ. Јазик | 2а,2б,3а,3б,4а,4б,5а, 5б | 22 |
| 15. | Зоран Бочваровски | 1958 | Проф .по физичко и здрав.обра. | ВСС 7/1 | Нас по физич .и здравст. Обра. | 6а,7а,б,8а, 9а,б | 20 |
| 16. | Зоран Пржовски | 1993 | Проф. по историја | ВСС 7/1 | Нас по историја | 6а,7а,7б, 8а,9а,9б | 19 |
| 17. | Благојче Бошковски | 1988 | Проф .по Географија | ВСС 7/1 | Нас по географија | 6а,7а,7б, 8а,9а,9б | 12 |
| 18. | Ана Дионисиева | 1987 | Проф. по информатика | ВСС 7/1 | Нас по информатика | 6а,7а,7б,9 а и 9б | 6 |
| 19. | Елена Мазни | 1980 | Проф .по математика | ВСС 7/1 | Нас по математика | 6а,8а,9а | 15 |
| 20. | Благица Атанасовски | 1988 | Проф .по фран јазик | ВСС 7/1 | Нас по франц јазик | 6а,7а,7б, 8а,9а,9б | 14 |
| 21. | Маја Христова | 1981 | Проф. по биологија | м-р | Нас по биологија | 7а, 7б, 8а, 9а, 9б | 12 |
| 22 | Асип Селим | 1986 | Проф.по англиски јазик и литература | ВСС 7/1 | Наст.по Јазик и култура на ромите | 3б, 4а,4б, 5а,5б, 6а, група од 7а,7б | 10 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23. | Душко Деспотовски | 1983 | Проф. по физ. и здрав. обр. | ВСС 7/1 | Наст. по физ. и здрав.обр. | 1а, 2а,2б, 3а,3б | 15 |
| 24. | Даница Ласкова | 1984 | Проф. по мак јазик литература | ВСС 7/1 | Нас. по макед.јазик | 8а | 4 |
| 25. | Маја Крстева | 1983 | Проф. по ликовно образование | ВСС 7/1 | Наст. по ликовно образование | 6а,7а,7б, 8а,9а,9б | 6 |
| 26. | Елка Даскалова | 1961 | Проф.по одд.настава | ВСС 7/1 | Проф. по одд. настава | | 40 |
| 27. | Менка Трајковска | 1988 | Проф. По оддлен. Настава | ВСС 7/1 | Проф. По одд. настава | 4а | 22 |

**Наставници кои дополнуваат во друго училиште**

| Р.б. | Име и презиме | Училиште | Предмет | Бр. на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Елена Мазни | ООУ'Лазо Трповски' | математика | **5** |
| 2. | Слаѓана Чекичевска | ООУ „Вера Циривири-Трена" и ООУ„Владо Тасевски„ | музичко образование | **7** |
| 3. | Зорица Бебекоска-Спиридонов | ООУ„Петар Поп Арсов" | природни науки | **6** |
| 4. | Ана Дионисиева | ООУ „Братство" ООУ,, Вера Циривири Трена'' | Информатика, иновации | **13** |
| 5. | Благојче Бошковски | ООУ„Петар Поп Арсов" | географија | **6** |
| 6. | Зоран Пржовски | ООУ,,Лазо Трповски" | граѓанско образование | **2** |
| 7. | Маја Крстева | ООУ " Братство" | Ликовно образование | **7** |

### 3.2. Податоци за вработените стручни соработници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Елизабет Солтирова | 1958 | Психолог м-р по дефек-толошки науки | ВСС 7/2 | психолог | 32г 9м |
| 2. | Маријана Грчевска Чадиковска | 1979 | Дефектолог | ВСС 7/1 | дефектолог | 13 |
| 3. | Марија Коцевска До 7.12.2021 | 1993 | Проф. По француски јазик | ВСС/1 | Библиотекар | 9м |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Билјана Атанасов | 1975 | ПМФ - физика | ВСС/1 | Библиотекар | 9м 16 |
| 5. | Татјана Митрички | 1974 | Филозофски Историја и архивистика | ВСС7/1 | Библиотекар | 8 г |

### 3.3. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Матилда Бајкова до 26.1.2022 година. | 1970 | м-р по македонски јазик | ВСС 7/2 | директор | 17 |
| 2. | Кристина Андриќ Стојановска Од 27.1.2022 | 1984 | педагог | ВСС 7/1 | в.д. директор | 12 |

### 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Павлина Стојковска | 1965 | Економист | ВШС 6/1 | секретар | 27г3м |

### 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Емилија Младеновска | 1976 | економист | ССС 4/1 | хигиеничар | 11г10м |
| 2. | Маја Велковска | 1978 | Работник | ОО | хигиеничар | 9 / |
| 3. | Душко Божиновски | 1983 | тапетар | ССС 3/1 | хаусмајстор/ложач | 12 |
| 4. | Вероника Горобинска | 1976 | тапетар | ССС 3/1 | хигиеничар | 9 |

### 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сенти Салиов | 1984 | Проф. по герм. јазик | ВСС 7/1 | Образовен медијатор | 3 |

### 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 38 | 6 | 32 | | | | | | 1 | / | | / | |
| Број на наставен кадар | 28 | 5 | 23 | | | | | | 1 | / | | | |
| Број на воспитувачи | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 3 | | 3 | | | | | | | | | | |
| Административни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 4 | 1 | 3 | | | | | | | | / | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошни директор | / | | | | | | | | | | | | |
| Образов. медијатор | 1 | | | | | | | | | | 1 | | |

### 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработен |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 7 |
| Високо образование | 26 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 1 |

### 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработен |
|---|---|
| 20-30 | 2 |
| 31-40 | 17 |
| 41-50 | 13 |
| 51 -60 | 5 |
| Над 61 | 4 |

### 3.10.Податоци за учениците во основното училиште

Согласно член 61 од Законот за основно образование и Протоколот за утврдување на процедурата за запишување на ученици во основните училишта, во законски утврдениот рок за запишување на ученици во прво одделение за учебната 2021/22 година се запишани 21 ученик, а во тек на месец јуни уште два ученици.

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 25 | 10 | 6 | / | / | / | / | / | / | 4 | 5 | / | / |
| II | 2 | 32 | 7 | 8 | / | 1 | / | / | / | / | 9 | 7 | / | / |
| III | 2 | 31 | 5 | 5 | 1 | / | / | / | / | / | 10 | 10 | / | / |
| I-III | 5 | 88 | 22 | 19 | 1 | 1 | / | / | / | / | 23 | 22 | / | / |
| IV | 2 | 33 | 4 | 7 | / | / | / | / | / | / | 7 | 15 | / | / |
| V | 2 | 34 | 9 | 9 | 1 | / | / | / | / | / | 9 | 6 | / | / |
| IV-V | 4 | 67 | 13 | 16 | 1 | / | / | / | / | / | 16 | 21 | / | / |
| I-V | 9 | 155 | 35 | 35 | 2 | 1 | / | / | / | / | 39 | 43 | / | / |
| VI | 1 | 16 | 8 | 4 | / | / | / | / | / | / | 2 | 2 | / | / |
| IV-VI | 5 | 83 | 21 | 20 | 1 | / | / | / | / | / | 18 | 23 | / | / |
| VII | 2 | 30 | 4 | 9 | / | / | / | / | / | / | 13 | 4 | / | / |
| VIII | 1 | 20 | 6 | 9 | / | 2 | / | / | / | / | 3 | / | / | / |
| IX | 2 | 25 | 6 | 8 | / | / | / | / | / | / | 8 | 3 | / | / |
| VII-IX | 5 | 75 | 16 | 26 | / | 2 | / | / | / | / | 24 | 7 | / | / |
| VI-IX | 6 | 91 | 24 | 30 | / | 2 | / | / | / | / | 26 | 9 | / | / |
| I-X | 15 | 246 | 59 | 65 | 2 | 3 | / | / | / | / | 65 | 52 | / | / |

На почетокот на учебната 2021/2022 година запишани се вкупно 244 ученици (125м/119ж) од кои 153 (75м/78ж) од прво до петто одделение, а 91 ученици (51м/40ж) од шесто до девето одделение. Во училиштето учениците се од мешан етнички состав и тоа: ученици од македонска етничка припадност 122 (58м/64ж), 117 ученици од ромска етничка припадност (65м/52ж) и 5 од албанска етничка припадност (2м/3ж).

На почетокот на учебната 2021/2022 година, во согласност со член 61 став 7 од Законот за основно образование и Правилникот за начинот за запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, запишан е 1 ученик со надмината возрасна граница. Во училиштето е формирана Комисија за проверка на знаењата на ученикот според чл. 7 од Правилникот и е извршено тестирање/проверка на знаењата со тестови и присутен советник од Бирото за развој на образованието. На почеток на второто полугодие запишани се уште 2 ученика со надмината возрасна граница согласно Правилникот во прво и четврто одделение и 2 ученици (1 во прво одделение и 1 во девето одделение). Во текот на учебната година, еден ученик е испишан и запишан во друго училиште поради промена на место на живеење. Според чл. 71 од Законот за основно образование (Сл. Весник бр.161/2019) еден ученик од седмо одделение кој наполни 16 години е упатен да го продолжи образованието во рамки на програмата за основно образование за возрасни.

На крај на учебната 2021/2022 година вкупниот број на ученици е 246 (126м/120ж) од кои 155 (76 м/79ж) од прво до петто одделение, а од шесто до деветто одделение 91 ученици (50м/41ж). Ученици од македонска етничка припадност се 124 (59м/65ж), 117 (65м/52ж) од ромска етничка припадност и 5 (2м/3ж) од албанска етничка припадност. Осипани се 10 ученици кои го напуштиле образованието поради преселба во странство и 5 поради негрижа и образовно занемарување од страна на родителите. Во текот на учебната година два ученика се повратници од странство.

## 4. Материјално - финансиско работење на училиштето

Сите постапки поврзани со материјално финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.

Во училиштето има Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите прописи и правила поврзани со реализацијата на јавните набавки.

Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата,учењето и развојот на училиштето во целина.Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

## 5.МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Нашето училиште е здрава и пријатна средина која им овозможува на учениците, како главни субјекти на сите активности, да се здобијат со основните знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, а наставниците реализираат современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано професионално усовршување.**

### ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Нашата визија е обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи и да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства и усовршување**

## 6."Lessons learned" – Веќе научено / стекнати искуства

Од работата на училиштето во учебната 2021/2022 година особено значајна е реализацијата на реформата во основното образование, реализација на проектите и вклучување на училиштето во нови проекти и воннаставните активностите. Од анализата на реализираните цели од годишната програма за учебната 2021/2022 година, постигнати се следните цели:

- Успешно враќање на учениците во училиште и реализација на наставата со физичко присуство на учениците од четврто до девето одделение
- подигање на свеста на учениците за прифаќање на лицата со посебни потреби и надминување на предрасудите,
- унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката толеранција и соработка
- реализација на проекти со ученици и наставници од партнерското основно училиште „Лиман Каба“
- обуки за успешно спроведување на инклузијата на ученици со посебни потреби
- Обуки за наставниците за новините и примената на новите наставни програми за прво и четвртоодделение
- успешна соработка со основното училиште со ресурсен центар „Др. Златан Сремац“

## 7. Реализација на акциски планови - Подрачја на промени, приоритети и цели

Од листата на потреби за учебната 2021/2022 година во училиштето се реализирани следните активности по подрачја и приоритети:

### 7.1 Евалуација на акциските планови

| Приоритетни подачја | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатори за успешност | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| Подобру. на квалитетот во о рганизација на наставата<br><br>-Реализација на нови наставни програми во прво и четврто одделение | Посетени обуки<br><br>Примена на новините во наставата | извештаи<br><br>посета на часови, | Стекнати и применети знаења од обуките,<br><br>Зголемен интерес кај учениците | Записници од состаноци,<br><br>Извештаи,<br><br>, |
| Учество на учениците во решавањето проблеми и Донесување то одлуки - ученички активизам | Зголемен на интерес кај учениците за<br><br>Ученички активизам и учество во работата на училиштето<br><br>Реализиран | Прашалници,<br><br>Работилници за инклузија на лицата со посебни потреби Работилници за детски права | вклучени ученици во активностите дискусии Пишани искази | Извештаи,<br><br>Приложени презентации изработки од учениците<br><br>Фотографии од настанот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Набавка на наставни Средства и помагала потребни за унапредување на наставата | Изготвена листа на потреби<br><br>Одредени приоритети и извршен избор за набавка на наставни средстваи помагала | Анкети,<br><br>Изготвени прегледи<br><br>Презентација на дидактички средства и помагала и за користење на смарт табла | Набавени наставни средства и помагала | Увид во документација<br>,<br><br>Записници од состаноци<br><br>Извештаи,<br><br>Приложени презентации, |
| Учество на родителите во реализација на наставните планови и програми училиштето | Учество на родителите во Активности според наставните планови и програми | Поради мерките за заштита, родителите се вклучуваа на состаноци на далечина со свои предлози | Задоволително присуство на родители, но недоволно присуство на родители-те од семејс-твата од социјален ризик потешко се вклучуваа поради немање ИТ | Записници од состаноци,<br><br>Извештаи,<br><br>Приложени презентации, |

-**Одговорни за следење** - следењето на реализацијата на активностите се одвиваа континуирано преку целата учебна година од страна на директорот, психологот и претседателите на активите.

-**Критериум за успех** - примена на новините во наставата со кои наставниците се запознале на посетените обуки; анализа на упатствата и проучување на прирачниците и учебниците; а кај учениците се зголемува интересот за подобри постигања

-**Инструменти** - примена на интервју и прашалници за наставници, ученици и родители, чек - листи, посета на часови и согледувања од посетата и др.

-**Индикатори за успешност** - поголем процент на применети наставни методи и техники во работата на наставниците од согледувањата во минатата учебна година, просекот на оценките е покачен, се намалува бројот на слаби оценки, зголемена соработка со родителите.

-**Повратна информација** – усни и писмени информации од увидот во документацијата, записници од состаноци, извештај

## 8.Програми и организација на работата во основното училиште

Организацијата и воспитно-образовната работа на ООУ „Аврам Писевски“ во учебната 2021/2022 се одвиваше во согласност со Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година (Сл. Весник бр. 159/21) објавен од МОН, Календарот за изменување на календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година бр.12-674/1 од 18 јануари 2022 година и Календарот за дополнување на календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година.

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Учебната година почна на 1 септември 2021 година. Првото полугодие започна на 1 септември, а заврши на 30 декември 2021 година.Второто полугодие согласно дополнувањето на календарот почна на 1 февруари 2022,заврши на 9 јуни 2022.
Според Календарот за работа на училиштето, на крајот на наставната година работни денови се 160.

### 8.2. Задолжителна настава

Организацијата на наставата се одвиваше во согласност со Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година.

Беше извршена поделба на класни раководства, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часови и подготовки за прием на учениците за настава со физичко присуство, определени влезови за учениците, време на почеток на наставата за учениците од прво до петто одделение во 8,00, а во 8,15 часот за учениците од често до деветто одделение. По барање на родителите поради медицински причини 7 ученици ја следеа наставата на далечина, а останатите со физичко присуство.

Задолжителната настава по сите наставни предмети и подрачја се реализираше со предвидениот број на часови според Наставниот план за деветгодишно основно образование за учебната 2021/2022 година и Наставниот план за основното образование за I и IV одделение за учебната 2021/ 2022 година согласно Концепцијата за основно образование (08-3980/1 од 3.3.2021 г.).

Во период од 11.4.2022 до 29.4.2022 наставата беше прекината поради генерален штрајк на просветните работници.

### 8.3. Работа во смени

Наставата во училиштето се изведува преку наставни часови со распоредот на часовите.Редовната настава се одвива во една смена

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски Јазик | Албански јазик | Турски Јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 15 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 246 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 28 | / | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој во една група.

Во училиштето е организиран продолжен престој и согласно изготвената програма за работа се реализирани активности со учениците во група составена од прво до трето одделение (прв развоен период) во согласност со родителите.

За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно – уметнички и други активности, согласно со Годишната програма за работа на училиштето.

- Продолжениот дневниот престој се изведува во текот на работниот ден.
- Работното време на наставникот од продолжен престој започнува во 11:15 часот и завршува во 15:00 часот. додека дежурните наставници со работниот ден завршуваат во 13,00 часот.
- Во текот на работниот ден учениците изведуваат низа образовни и воспитни активности, се рекреираат, одмораат,

## 8.6. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето учениците го изучуваат англискиот јазик како задолжителен странски јазик, францускиот јазик е втор задолжителен јазик.

| | Број на паралелки | Број на ученици | Број на наставници |
|---|---|---|---|
| **Прв странски јазик - Англиски јазик** | 15 | 246 | 2 |
| **Втор странски јазик- француски јазик** | 6 | 92 | 1 |

**8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

| Име и презиме на тандем наставници по физичко и здравствено образвание | | |
|---|---|---|
| **одделение** | **Одделенски наставник** | **Наставник по физичко и здравствено образование** |
| Iа одд. | Слободанка Пешевска | Душко Деспотовски - 3 наставни часа |
| IIа<br><br>IIб | Александра Гаврилоска<br>Ангела Петров | Душко Деспотовски - 6 наставни часа |
| IIIа одд.<br>IIIб одд | Александра Смилковска<br>ОливераПетрушевска | Душко Деспотовски - 6 наставни часа |

**8.9.Изборна настава**

Согласно Наставниот план за деветгодишно основно образование и Наставниот план за основното образование за I и IV одделение за учебната 2021/2022 година по извршените родителски средби, информирање на родителите и спроведените анкети по електронски пат, избрани се следните изборни предмети за учебната 2021/2022 година, по паралелки:

| **Одделение** | **Изборен предмет и слободни изборни предмети** | **Наставник** |
|---|---|---|
| III-б,IV-а,б; V-а,б VI-а,VII-а,б | Јазик и култура на Ромите | Асип Селим |
| IV-а<br>IV-б | Одбојка<br>Образование за животни | Менка Трајковска<br>Наташа Весковски |
| V-а<br>V-б | Творешво<br>Творештво | Кристина Андриќ Стојановска/Снежана Богдановиќ |
| VI-а одделение | Запознавање со религиите | Зоран Пржовски |
| VII -а одделение | Танци и народни ора | Слаѓана Чекичевска |
| VII-б одделение | Вештини за живеење | Александра Илиевска |
| VIII-а одделение | Проекти од информатиката<br>Вештини за живеење | Елена Мазни<br>Благојче Бошковски |
| IX-а одделение | Унапредување на здравјето | Маја Христовска |
| IX-б одделение | Изборен спорт | Зоран Бочваровски |

## 8.10.Дополнителна настава

Во првото полугодие во учебната 2021/2022 година дополнителната настава се организираше за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети, за ученици кои покажуваат континуирано или периодично слаби резултати и вештини во учењето, а особено ако имаат најмалку две слаби оценки и на барање на ученикот или неговиотродител, односно старател.

Наставниците ја реализираа дополнителната настава во согласност со Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта и Правилникот за дополнување на Правилникот за организација и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава. Училиштето на месечна основа го истакнуваше распоредот за дополнителна настава на видно место. Реализацијата на дополнителната настава е прикажана во табела во Прилози.

## 8.11.Додатна настава

Додатната настава се реализираше во согласност со наведените Правилници за организацијата и начинот на спроведување. Акцент на работата е ставен на работа со:напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.Училиштето на месечна основа изготвуваше распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавуваше на огласна табла и на својата интернет страница. Реализацијата е прикажана во табела во Прилози.

## 8.12.Работа со надарени и талентирани ученици

На талентираните и надарени ученици во нашето училиште им се обрнува особено внимание. Наставниците по соодветните предмети работењето со талентираните и надарени ученици го реализираа според програмата за работа за додатна настава. Во првото полугодие учениците земаа учество на литературни конкурси и ликовни натпревари кои се организираа на регионално, градско и државно ниво, а постигнатите резултати се прикажани во Прилози

## 8.13.Работа со ученици со посебни образовни потреби

На учениците со посебни образовни потреби им се обрнува особено внимание во нашето училиште, со оглед на фактот дека станува збор за групи ученици од хетероген состав во однос на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развиток.

Во училиштето се негува клима на инклузивна средина, грижа за учениците со посебни потреби и обезбедување на услови за развој според нивните психофизички способности. За подобрување на условите за работа со деца со ПОП, во училиштето е направена и опремена сензорна соба. Училишниот инклузивен тим, во состав: директор Кристина Андриќ Стојановска , психолог м-р Елизабет Солтирова, дефектолог Маријана Грчевска Чадиковска,одделенски наставник Слободанка Пешевска, предметен наставник Слаѓана Чекичевска, родители Абибе Сулејманова и Валентина Анѓелевска се грижеше континуирано за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, а инклузивните тимови за ученици работеа по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од Законот за основно образование.

Во учебната 2021/2022 година во училиштето се евидентирани 8 ученици со мислење од Заводот за ментално здравје, а 5 ученика со процена на психофизичката состојба, извршена од страна на Комисијата за процена според МКФ. За 3 ученика со ПОП, Основното училиште со Ресурсен Центар "Д-р Златан Сремец"-Скопје и МОН, обезбедија 3 образовни асистенти. А на крајот на учебната година остана да работи само еден образовен асистент, бидејки едниот асистент си замина доброволно, а со новата проценка направена од страна ма МКФ за еден ученик, бевме известени дека нема да му биде потребен повеке за работа.

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Инклузивниот тим на училиштето, одлучи еден ученик да добие тутор за работа во домашни услови, од страна на Фондацијата "Чекор по Чекор". поради потребите на детето тутор за работа во домашни услови. Поголем е бројот на ученици кои поради лоши материјални услови и социо- емоционална депривација покажуваат заостанување во психофизичкиот и социо-емоционалниот развој. За овие ученици се организира дополнителна настава според потребите на учениците. Наставниците следеа обуки на тема инклузија на деца со посебни потреби и примена на методи и техники на работа. Дефектологот од нашето училиште, редовно работи со оваа група на ученици, како индивидулано, така и преку посета на часовите.

## 8.15.Реализација на активностите на образовниот медијатор во учебната 2021/22 година

Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

## 9.Вонnаставни активности

### 9.1.Училишен спортски клуб

Формиран е училиштен спортски клуб кој се планира да профункционира по спроведување на анкета за заинтересираност.Учениците во училишниот спортски клуб имаат можност да вежбаат одбојка и фудбал.

### 9.2.Секции

За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности. Работата на наставниците се одвиваше по однапред изготвена програма, со содржини и време на реализација. Наставниците реализираа програми за следниве секции:

-Одделенска настава: литературна, математичка, ликовна, драмско-рецитаторска и ритмичко- балетска;

-Предметна настава: литературна секција, математичка секција, млади физичари, младихемичари, млади биолози, географска секција, историска секција, секција за странски јазици, училишен хор и оркестар, слободни спортски активности и секција на слободни технички активности.

### 9.3.Акции

Општествено-хуманитарната работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа со цел да се развива кај учениците грижа и желба да се помогне на ранливи категории.Во училиштето се организираат собирни акции за облека и обувки како и др. хуманитарни хепенинзи кои ги организира општината или на ниво на град, како и солидарно вклучување во хуманитарни акции кои ќе се организираат на локално ниво и пошироко. Во прилози е дадена табелата со реализирани воннаставни активности.

### 9.4.Клубови

Во учебната 2021/2022 година во училиштето беа активни:

- **Клубот за кодирање**

Во рамките на програмата ,,Училиште на 21 век"клубот за кодирање учествуваше во заедничка активност со учениците од ООУ,,Лиман Каба". Учениците од клубот изработија соларен систем во Scratch програмата.

**-Клубот за граѓанско образование** - во клубот се вклучени ученици од осмо и деветто одделение кои со цел поттикнување на учениците на ученички активизам и иницијативи. Клубот работеше на иницијативата за искоренување на меѓуврсничкото насилство „Ударот не е решение" и учествуваше во дебатите организирани од Ученичкиот парламент во училиштето. Клубот си зема за задача да медијира конфликти меѓу учениците во училиштето преку свои посредници во текот на учебната година.

## 10.Ученичко организирање и учество

Во текот на учебната 2021/2022 година, Ученичкиот парламент реализираше 8 состаноци (седници). Одговорни за поддршка на работата на Ученичкиот парламент се: наставникот по граѓанско образование Зоран Пржовски и психологот Елизабет Солтирова. Работата на парламентот помина конструктивно низ целата година, а учениците пројавија задоволство што учествуваат во оваа иницијатива, која има за цел да ги презентира нивните ставови. Тие особено се радуваа што истите се земаат во предвид и разговараат за нив со претставници на училиштето.

Во првото полугодие на учебната 2021/2022 година, Ученичкиот парламент реализираше 4 состаноци (седници)

- 24.9.2021 - Конституирање на Ученичкиот парламент
- Избор на претседател на Ученички парламент
- Избор на Ученички правобранител
- Активности по повод Детската недела
- 18.11.2021г.-Застапување и промовирање на правата и интересите на учениците - одбележување на Светскиот ден на детето,
- Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тримесе
- Активности за надминување на предрасудите кон учениците со посебни образовни
- Организирање и учество во одбележување на Денот на зелката

  30.12.2021г. - Како да се користи правилно и рационално зимскиот распуст
- Ученичкиот правобранител, ученичката Клементина Марковска, се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Детската организација се вклучуваше во сите активности кои се организираат во училиштето за одбележување на важни историски датуми, хуманитарни акции, еколошки активности, поттикнување на другарството, солидарноста и соработката. Работата на Детската организација се одвиваше под раководство на одговорниот наставник Слободанка Пешевска. Заедно со Детската организација се реализирани и активности на ПЦК, во кои се вклучени сите ученици од прво до деветo одделение под раководство на одговорниот наставник Ана Деспотовска.

Во второто полугодие на учебната 2021/2022 година, Ученичкиот парламент реализираше 4 состаноци (седници).

- ❖ 22.02.2022 - Дебата за зимскиот распуст и како беше поминат од учениците. Воедно дебатата одеше во насока каде можело покорисно да се помине распустот.
- ❖ Разговор за полугодишното поведение и успех на учениците
- ❖ Потсетување околу училишната дисциплина
- ❖ Договор за организирање активности со антикорупциската едукација и учество на ученичкиот парламент во истата
- ❖ Договор за организирање училишни дебати на тема „Запри го врсничкото насилство и меѓуетничката омраза“ и „Училишната и вонучилишната соработка помеѓу генерациите“.
- ❖ 17.03.2022г.- Училишна дебата - како да го запреме врсничкото насилство и меѓуетничката омраза

Во дебатата учествуваа ученици од училиштето и претставниците на ученичкиот парламент, кои беа модератори и говорници на истата. Дебатата имаше за цел да ги претстави проблемите на учениците на индивидуален план со насилството. Но, на истата беше сеопфатно даден акцент на насилството на етничка и религиска основа во општеството. Насилството во секоја форма беше осудено од учениците и присутните, а особено беше истакнато дека во мултиетничките средини не смее да постои ниту можност да се рашири етничката или религиската нетрпеливост. Сите учесници кои претставуваа повеќе етнички и религиски заедници учествуваа на дебатата и донесоа заклучок дека единствената победа над било какво насилство е другарството, довербата и подадената рака кон другите.

- 05.04.2022г. - Учениците по примерот на успешно одржаната дебата, одржаа уште една дебата на тема „Училишната и вонучилишната соработка меѓу генерациите“. На оваа дебата разговараа за сите теми кои го допираат нивното секојдневие и соработката меѓу помалите и постарите ученици во училиштето. Тие се сложија низ заклучоци дека односот треба да биде еднаков и партнерски, а не надмен и со насилство. Учениците донесоа повеќе заклучоци и идеи како сите генерации можат да изградат подобра училишна и секојдневна атмосфера во локалната заедница. Дебатата го опфати и односот на учениците со постарите во нивната заедница и проблемите со кои тие се соочуваат.

- 23.05.2022г. - Состанок на ученичкиот парламент за преглед на активностите во текот на годината. Разговор за активностите на членовите на парламентот, ученичкиот правобранител и претседателот на Ученичкиот парламент. Учесниците на состанокот се сложија дека атмосферата низ целата година беше максимално работна и дека зад себе ученичкиот парламент имаше уште една одлична година. Учениците се согласија дека иницијативата на парламентот е одлична алатка и треба да продолжи со својата активност, бидејќи помага во секојдневието на учениците во и вон училиштето и во локалната заедница каде што живеат.

## 11. Вонучилишни активности

Во Годишната програма за работа на училиштето во 2021/2022 година согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии, излети и други слободни активности изготвена е Програма за нивна реализација. Поради состојбата со пандемијата КОВИД 19 и новите варијанти на вирусот, со цел превенција и заштита од ширење на вирусот, овие активности не се реализирани.

## 12. Натпревари на учениците

Во текот на учебната 2021/2022 година, во рамките на додатната настава, наставниците ги подготвуваа заинтересираните ученици за учество на општински, регионални и државни ученички натпревари. Училиштето ги организираше сите училишни натпревари предвидени во програмата на стручните активи. Извештајот за реализираните ученички натпревари е во прилозите на годишниот извештај.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Тимот за училишна интеграција во првото полугодие организираше активности кои придонесуваат кон почитување намултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција, подобрување на меѓуетничката кохезија меѓу учениците во училиштето преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

- Нашето училиште е мултиетничко така што постојано се води грижа учениците без оглед на националноста да бидат вклучени во сите активности. Се води грижа кај учениците од сите етнички групи да се развива толеранција, развивање на почит и однос кон различностите и се реализираа активности во насока на меѓусебно запознавање.

## 14 .Реализација на проекти во учебната 2021/2022 година

**1. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем –** интегрираните планирања со избраните точки на акција од 9-те еко стандарди ќе се реализираат во сите паралелки од прво до деветo одделение. Во текот првото полугодие се реализираа активности според еколошкиот календар, се вршеше селекција и собирање на пластична амбалажа и стара хартија (продолжување на соработката со ПАКОМАК), редовна грижа за чиста и убава средина.

**2. Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.** Тимот за училишна интеграција се грижи за спроведување на МИМО активностите на ниво на училиште и реализација на заеднички активности со партнерското ООУ „Лиман Каба" с. Љуботен, општина Бутел, Скопје. Тимот ги следи конкурсите за унапредување на мултикултурализмот од МОН, проектот „Градиме мостови" и учествува на истите. Помеѓу двете партнерски училишта беше реализирана возвратна посета и директорките на училиштата потпишаа нов меморандум за соработка, што беше уште еден доказ за одличниот правец во кој се движи соработката со ова училиште и добрите односи. Учениците преку своите активности уште еднаш покажаа дека другарството и пријателството се најдобар мотиватор за напредок и соработка на сите полиња.

**3. Проект Училиштето како безбедно место - училиште без насилство -** одговорниот тим ги идентификува и ги определува критичните места и форми и видови на насилството во училиштето, како и начините за справување со различните форми на насилство. Посебен акцент во првото полугодие на оваа учебна година се стави на подигање на свеста кај учениците за безбедност, за сајбер силеџиството (bullying) и превенција од насилство со организирани работилници и вонннаставни активности.

**4. Проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди" воден од „Глада Худик Театар" од Худсквил,** Шведска, а реализиран од страна на Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби СОЛЕМ-Скопје. Проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди" е одобрен од Министерство за образование и наука со одобрение бр.12-3059/2 од 07.04.2021 врз добиено мислење од Бирото за развој на образованието бр. 09-226/2 од 17.03.2021. Реализирани се работилници со учениците од 4,5, и 6 одделение како и со Ученичкиот парламент за подигање на свеста кај учениците, наставниците, родителите и пошироката популација за лицата со интелектуална попреченост и надминување на стереотипите и предрасудите за лицата со интелектуална попреченост и да се пренесат здрави вредности за прифаќање и почитување на различностите во општеството.

**5. Училиштето учествува во проект „ARISE" или „Акција за намалување на нееднаквостите во образованието" со Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор",** поддржан од Европската Унија, во соработка со партнери и организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Турција. Целта на проектот е да се спроведат одредени интервенции на ниво на училиште кои директно ќе придонесат за задоволување на нееднаквостите во образованието кои ги засегаат сите ученици. Нашето училиште е едно од 7-те училишта во Република Северна Македонија кои учествуваат во овој проект. Активностите започнаа со координативен состанок на сите учесници реализиран на 17.12.2021г. и учество во истражување со учениците од седмо одделение, со помош на прашалник (реализирано на 20.12.2021г.), заради определување на нивните потреби, Учеството на учениците во истражувањето беше на доброволна основа и со обезбедени согласности од нивните родители.

**6. Училиштето учествуваше во проектот "STEP FORWARD TOGETHER" или " ЧЕКОР НАПРЕД ЗАЕДНО",** во активностите земаа активно учество учениците од нашето училиште, заедно со учениците од ООУ "Лазо Трповски" и ООУ "Лириа" од Скопје, а завршната манифестација се оддржа во Кинотека Скопје, со модна ревија на учениците (народни носии во МКД).

## 15.Поддршка на учениците

### 15.1.Постигнување на учениците

Вреднувањето на постигањата/напредувањето на учениците при настава со физичко присуство е усогласено со целите, односно резултатите од учењето според наставните програми, во учебната 2021/2022 година. Наставниците применуваа формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за настава со физичко присуство како и од далечина, односно расположливите онлајн алатки за оценување на учениците (7) кои следеа настава на далечина.

Согласно законската регулатива за деветгодишно основно образование и реформата на основното образование за прво и четврто одделение, од 88 ученици од прво до трето одделение 83 се описно оценети, 5 ученици не се оценети, од 83 ученици од четврто до шесто одделение бројчано се оценети 72, неоценети се 11 ученици, од кои 3 се упатени на одделенски испити. По одржаната дополнителна настава 1 ученик ги исполни критериумите за позитивна оценка, а 2 не го положија одделенскиот испит и се задржуваат во истото одделение (петто). Учениците од седмо до деветто одделение (75) се оценети бројчано (71), 2 ученици се осипани и неоценети, еден ученик е упатен на поправен испит, 2 ученици се упатени на одделенски испити, а 2 ученици повторуваат одделение поради незадоволителен успех и повеќе од три слаби оценки. По одржаната дополнителна настава 2 ученика ги постигнаа критериумите за позитивна оценка.

Постигнатиот успех е прикажан во статистичките прегледи во годишниот извештај. На ниво на училиште е постигнат среден успех 3,88 што е на задоволително ниво. Детален преглед за бројот на ученици по паралелки, националност и пол, успехот, поведението и изостаноците се прикажани во прилог на извештајот.

Во текот на учебната 2021/2022 година се следеа континуирано постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение како и анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати. За континуиран успех и примерно поведение во училиштето се пофалени 12 ученици. За континуиран одличен успех и примерно поведение за првенец на генерација е прогласена ученичката Михаела Младеновска од 9б одделение. Во учебната 2021/2022 година се направени вкупно 23 227 од кои оправдани се 9 821, а неоправдани 13 406. Големиот број на неоправдани изостаноци се последица од нередовност на наставата од страна на учениците од ромската етничка припадност како и напуштање на наставата и заминување во странство.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која е приложена во прилозите на годишната програма.

Формиран е тим за професионална ориентација составен од психолог Елизабет Солтирова и предметни наставници Маја Христовска, Елена Мазни и Зорица Бебековска-Спиридонов.

## 16.Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во учебната 2021/2022 година постигањата на учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно,од четврто до шесто комбинирано, а учениците од седмо до деветo одделение се оценуваат бројчано. Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата.Постигнувањата на учениците се вреднуваа со примена на формативно и сумативно оценување, и различни стратегии на оценување. Наставниците ги информираа родителите за очекувањата од учениците, задачите што ќе/ги добиваат, успешноста во нивното изработување, насоките за понатамошната работа. Наставниците особено настојуваат да стапат во контакт и со родителите кои не пројавуваат интерес за учењето на детето.

За учениците кои следат настава по ИОП при определувањето на описната и бројчаната оценка, наставникот ги има предвид постигањата на ученикот утврдени во наставната програма или во ИОП-от. Учениците со комплексни потреби кои следат настава според модифицирана програма се оценуваат описно во сите воспитно-образовни периоди на основното образование, согласно со индивидуалните постигања на поставените резултати од учењето и стандардите за оценување на индивидуалните постигања со кои треба да се стекнат и развијат знаења и вештини за самостојност, личен развој и социјални односи.

Училиштето беше вклучено во државното тестирање на учениците од трето одделение по македонски јазик и математика, одржано на 1.06. и 2.06.2022 година.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето во текот на првото полугодие направи анализа на состојбата на постигнатите резултати и даваше поддршка на наставниците кои не посетиле обуки за оценување.

### 16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар

Во текот на учебната година, директорот изврши непосреден увид кај наставниците со изготвени инструменти за следење (обрасци за разговор пред и по посетата, за следење на наставен час, рефлексија)Посета на советник од БРО за спроведување и реализација на новите наставни програми во прво и четврто одделение.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Во училиштето е формирана Комисија за спроведување на самоевалуацијата составена од директорот Кристина Андриќ Стојановска, психолог м-р Елизабет Солтирова, одделенски наставник Оливера Петрушевска, предметни наставници Зорица Бебекоска Спиридонов и Љубица Манов и родител Андријана Јаневска. Во подготвителната фаза се формирани работни групи, составени од одделенски и предметни наставници, распоредени според областите за самоевалуација. Во фазата на реализација, секоја работна група, врз основа на прашалник за наставници, родители и ученици, како и врз извршени увиди во извештаи, записници и друга достапна документација, ќе изготви поединечени извештаи за самоевалуација.
Во фазата на известување и усвојување ќе се изготви нацрт извештај кој ќе биде достапен на сите структури во училиштето и ќе се усвои од страна на седница на Училишниот одбор.
Врз основа на изготвената самоевалуација и планот за развој на училиштето, ќе се определат приоритетите кои ќе се вградат во годишните програми во наредниот двегодишен период.

## 17.Безбедност во училиштето

Како и секоја учебна година, училиштето се грижи за безбедноста на сите ученици, вработени, родители и посетители како и за училишниот објект. Во училиштето се води континуирана грижа за обезбедување и отстранување на места кои може да придонесат за повреди, направен е план за евакуација, а во првото полугодие е направена пробна евакуација и онлајн обука за вработените со цел да се избегне паничното реагирање во некои критични ситуации. Определени се дежурства на наставниците за време на наставата како и во училишниот двор. Како и секоја учебна година, за учениците и вработените е понудено осигурување.

## 18.Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

Во текот на учебната 2021/2022 година, во училиштето е ставен акцент на одржување на хигиената во тоалетите, училниците и училишниот двор, спортската сала и соблекувалните. Редовно се чистат училниците, санитарните јазли и холовите, се организираат и акции со учениците со цел подигањена свеста за грижа за себе и околината.

Задолжително се води грижа за заштита од вирусот КОВИД 19и превенција од ширење на заразни болести со грижа за редовно миење на рацете, обезбедување на потребни средства за дезинфекција на училниците, училишниот мебел и санитарните јазли.

Заради обезбедување на безбедна училишна средина поради пандемијата со КОВИД 19, училиштето ги превземаше сите потребни здравствени заштитни превентивни мерки согласно Протоколот за постапување на основните училишта.

Училиштето континуирано соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи, офталмолошки прегледи и вакцинации согласно со закон. Исто така задолжително се информираат родителите односно старателите на учениците за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите. Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици од ранливи општествени групи. Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

Извршен е инспекциски увид од страна на Санитарна инспекција.

### 18.2.Систематски прегледи

Здравствената заштита и здравственото образование опфаќа систематски прегледи и стоматолошки прегледи и едукативни работилници во соработка со Здравствениот Дом Ѓорче Петров. Одговорни наставници се одделенските раководители во соработка со психологот.

### 18.3.Вакцинирање

Освен систематските прегледи, здравствената заштита и здравственото образование опфаќа реализација на програмата за имунизација и вакцинација на учениците според програмата на Здравствениот дом. Одговорни наставници се одделенските раководители во соработка со психологот

**ЕВИДЕНЦИЈА**
**За СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНИ**
на учениците во учебната 2021/2022 год.

| Ред. бр. | Дата | Одделение | Систематски, стоматолошки, вакцинации |
|---|---|---|---|
| 1. | 29.9.2021 | Iа | Стоматолошки преглед |
| 2. | 30.9.2021 | Iа, IVа, IVб | Едукативна работилница за одржување на хигиена на забите |
| 3. | 1.10.2021 | VIIа | Стоматолошки преглед и залевка на заби |
| 4. | 4.10.2021 | VIIб | Стоматолошки преглед и залевки на заби |
| 5. | 21.10.2021 | IIа, IIб | Стоматолошки преглед |
| 6. | 26.10.2021 | IXа, IXб | Вакцина |
| 7. | 11.11.2021 | IIа, IIб | Ревакцина на ДТПР |
| 8. | 4.02.2022 | VIа | Стоматолошки систематски преглед |
| 9. | 15.02.2022 | Iа | Ревакцина МРП |
| 10. | 25.02.2022 | Vа, Vб | Стоматолошки преглед |
| 11. | 14.03.2022 | IVа | Стоматолошки систематски преглед |
| 12. | 15.03.2022 | IVб | Стоматолошки систематски преглед |
| 13. | 4.04.2022 | IIIа, IIIб | Стоматолошки преглед и залевки на заби |

### 18.4.Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во рамките на грижата за здравјето на учениците во училиштето се организирани едукативни предавања кои се реализирани на часовите на одделенската заедница Исто така училиштето организираше активности со кои се одбележи *Светскиот ден на храната на 16 Октомври* со цел едукација на учениците и родителите, подигање на свеста и промоција.

Исто така во текот на целата учебна година се реализирани работилници за здрава и разновидна исхрана на часовите по животни вештини од прво до деветo одделение.

## 19.Училишна клима

### 19.1.Дисциплина

Со цел подобрување на училишната дисциплина вклучени се сите субјекти, како и родителите. Навремено се преземаат конкретни мерки: идентификација на ученици кои ја попречуваат дисциплината, советодавни разговори со ученици, родители и наставници. Одговорните дежурни наставници сосласно изготвениот распоред го одржуваа редот и дисциплината во училниците, со контрола за време на одморите во ходниците и училишниот двор. Воспитно-образовниот процес во училиштето се одвиваше според изготвените Протоколи за ученици, родители и вработени, Куќен ред на училиштето, Правилник за педагошки мерки, награди и пофалби.

### 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во текот на учебната година во училиштето се водеше грижа за естетско и функционално уредување, наставниците заедно со учениците го уредуваа училишниот простор со цел да се подигне свеста за зачувување и разубавување на околината.

### 19.3.Етички кодекси

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите субјекти во училиштето. Изработен е *Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите* и *Куќен ред во училиштето,* според кои се регулира однесувањето во училиштето за време на наставата како и вон неа меѓу наставниците, другите вработени, учениците и родителите како и сите останати посетители.

Изработен е Еко – кодекс кој претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е истакнат на видно место.

### 19.4.Односи меѓу сите структури во училиштето

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу вработените и учениците. Во текот на првоото полугодие година се реализираа заеднички состаноци-работилници, дебати на кои се разгледуваше нивото на комуникацијата со предлози за нови начини на комуницирање.

.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Тимот за професионален развој го сочинуваат претседателите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручен соработник во училиштето.
Во училиштето е изготвена програма за професионален развој на наставниците во која се вклучени потребите на наставниците за обуки врз основа на детектираните приоритети од согледувањата на наставниците за нивните потреби од секојдневната практика.
Потребите за обуки се: е – настава, користење на е – алатки, изготвување на презентации, обуки за предметите кои ги предаваат (поради внесување на новини во наставните програми), за примена на современи наставни методи и техники, методи и техники за работа со деца со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, потешкотии во учењето, работа со талентирани и надарени ученици)и за оценување.

### 20.2.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната година 2021/22 година, директорот, наставниците и стручните соработници следеа обуки во организација на МОН и БРО и тоа:

- обука за инклузивниот училишен тим: Подобрување на капацитетите на УИТ за поефективно вклучување на ученици со попреченост во редовниот наставен процес“ - 23-26.8.2021г.
- обука за наставниците од прво и четврто одделение за новите наставни програми за прво и четврто одделение во учебната 2021/2022 г. според новата концепција за основно образование од март 2021г.
- Обука за психологот и специјалниот едукатор: „Проценка на когнитивен и на бихејвиорален статус кај деца и млади“ - 4-5.9.2021 г.;
- ЕДУИНО обуки за наставници и стручните соработници
- обука „Трговија со луѓе/деца“ - 30.11.- 2.12.2021г.
- Обука одржана во Загреб од страна на АРИСЕ проектот во период од 28ми Февруари до 4ти Март 2022год, на тема “Политики за намалување на нееднаквостите во образованието”
- Во период од 15ти Април до 17ти Април 2022год во Охрид, дел од наставниците, директорот и дефектологот присуствуваа на тренинг на училишните тимови за развоен палн во рамките на АРИСЕ “Акција за намалување на нееднаквостите во образованието”
- Логопедско-дефектолошко-психолошки конгрес, одржан на 9ти и 10ти Април 2022год во Скопје, од страна на Гаспар- Центар за психофизичко здравје.

### 20.3. Личен професионален развој

За сопственото стручно усовршување секој наставник и стручен соработник прави личен план за професионален развој за учебната година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат

### 20.4. Хоризонтално учење

Во првото полугодие стручните активи редовно се одржуваат состаноци на кои се врши размена на професионалното искуство, се разгледуваат и дискутираат стручни теми во врска со наставата и дополнителната и додатната настава, оценувањето и постигањата на учениците, се организираат отворени часови, работилници.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Особено важна е комуникацијата и соработката со родителите во условина пандемија и вонредни околности.
Во училиштето беа организирани онлајн средби со родителите, индивидуални средби со физичко присуство или преку Viber /Messenger,Теамс,Zoom, телефон, посета во семејство и известувања по писмен пат.
Во текот на учебната година реализирани се шест родителски средби (02.9.2021 , 15.11.2021, 1.2.2022, 6.4.2022, 16.6.2022 и 9.6.2022-за девето одделение). По потреба се извршени и индивидуални разговори со родителите на ученици кои се нередовни и не ги исполнуваат училишните обврски.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Во текот на учебната година училиштето активно соработуваше со:

**-Локалната заедница (локална самоуправа, месната заедница, бизнис заедница, месно население)**
Соработката со локалната самоуправа се одвива преку усна, пишана и електронска комуникација, предвидени се состаноци на ниво на директори, стручни служби и наставници.

**-Институции од областа на образованието**
Во првото полугодие училиштето оствари континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ, УСАИД,секторот за основно образование во општината Карпош и др.

**-Невладини организации**
Активна е соработката со Црвениот крст, Фондацијата Отворено општество – Македонија, Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, „Млади правници“ , „Млади правници“ и др.

**-Здравствени организации**
Заради грижа за здравјето на учениците и вработените, училиштето соработува со Поликлиниката Ѓорче Петров, Заводот за ментално здравје, Центарот за јавно здравје, со други медицински установи според потребите, со осигурителна компанија и др. Реализирани се едукативни теми за здравјето на учениците, со стручни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи

# Заклучок

Почетокот на учебната 2021/2022 година и текот на училишната година беше во знакот на преземање на сите потребни мерки за заштита од вирусот КОВИД 19 и неговите варијанти, организација на работата на училиштето во согласност со протоколите и планот за одржување на наставата со физичко присуство на учениците.

Во текот на учебната година се соочивме со многу предизвици:

- обезбедување на простории за сите одделенија и безбеден распоред на учениците во училниците,
- успешно враќање на учениците од четврто до деветo одделение во училиштето, нивно прилагодување
- и прифаќање на мерките за заштита, носењето на заштитни маски, одржување на физичка дистанца
- повторно дружење и социјализација
- редовност на учениците на настава
- зголемување на мотивација на учениците за учење и постигања
- опремување со наставни средства за подобрување на наставата
- унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката соработка
- Активности за еднаквост во образованието и наалување на сиромаштијата

Училиштето ќе продолжи со тимска работа за успешна реализација и унапредување на воспитно - образовниот процес, соработка со сите релевантни институции и локалната самоуправа, транспарентност во работењето и подобрување на комуникацијата наставник-ученик-родител.

Во изработката на Годишниот извештај за работа на училиштето учествуваа директорот, стручните соработници, претседателите на активите и одговорните наставници на тимовите.

Координатор за изработка на годишниот извештај - м-р Елизабет Солтирова- психолог
Информатичко-техничка обработка - Ана Дионисиева- наставник по информатика

| Претседател на Училишен одбор | Директор |
|---|---|
| ------------------------------------------------ | ------------------------------------ |

М.П

Скопје, Август 2022

# П Р И Л О З И

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2021/22 ГОДИНА

Раководење на воспитно-образовната организација, т.е. раководењето со училиште е сложена и одговорна работа. Улогата на директорот е од големо значење, бидејќи тој е главен двигател во работата и активностите на училиштето.

Во текот на учебната 2021/22 година, директорот беше насочен кон реализација на следните активности во училиштето:

- Планско-програмерска работа;
- Организациски работи;
- Стручно-аналитичка работа;
- Педагошко-инструктивна работа;
- Следење и вреднување на работата;
- Советодавна работа со родителите на учениците;
- Работа со стручните органи во училиштето;
- Нормативна дејност;
- Евалваторска и истражувачка функција;

***Планирањето*** е менаџерска функција со која , врз база на анализа на резултатите остварени во некој изминат период ( степенот на мисијата) се предвидува иднината ( се креира визијата) и се донесуваат одлуки кои треба да се оставруваат.

Директорот со својата позиција и улога, која ја има како водач на работата во училиштето и главен носител во изработките на годишните програми, годишни и полугодишни извештаи, развојните училишни планови . Изработката на Годишната програма за работа на училиштето за 2022/2023 година есуштинска функција на директорот во доменот на планирањата. Планирањето на програмата произлегува и е во согласност со визијата и мисијата на училиштето.

***Организаторската функција*** на директорот се состои во тоа што тој ги определува начините ,методите и постапкита со кои треба да се реализираат зацртаните програми и планови за работа на училиштетоп. Во рамките на оваа функција, особено место има и воспоставувањето на правилно канцелариско работење, како и организирање на сите манифестации, активности и проекти во училиштето.

***Водењето*** пред се се однесува на усклaдувањето на односите меѓу луѓето и создавање на здрава клима и амбиент за работа во училиштето.

***Евалторската функција*** на директорот го опфаќа следењето и вреднувањето на се што е планирано и организирано – контрола врз работењето на соработниците и административно-финансискиот и техничкиот персонал и евалвација, насочена кон работата и постигнувањата на наставниците и учениците во училиштето, со цел да се има повратна информација за степенот на реализација на работењето.

Самоевалвацијата за работата на училиштето ги открива силните и слабите страни, па оттука произлегуваат промените и активнотите во подрачјата на организирање и осовременување на наставата. Направено е планирање со кое се утврдува мисијата и се тежнее кон визијата.

***Педагошко-инструктивната функција*** на директорот е се позначајна во воспитно образовните институции. Директорот со своето искуство и знаење треаба да биде во состојба да спроведува обуки на наставниот кадар, поточно да биде иницијатор и организатор на стручното усовршување на кадарот и воведување во работата на нововрботените.

*** * ***

Директорот треба да е: добар организатор на работата и истата добро да ја познава, да е добар и праведен кон вработените, да се советува со вработените и да го респектира нивното мислење и предлози, самостоен и иницијативен, доследен, не превртлив и да не го менува постојано своето мислење, секогаш да ја фали добро изработената работа, да се интересира за личните проблеми на вработените, одржува добра работна дисциплина, своето значење да го пренесува на другите, задачите да ги дава јасно и разбирливо, да е дружељубив и ведар, сталожен и стрплив.

Директорот треба да има изразено чувство за битност и ургентност, без кои напредокот на воспитно- образовниот процес и училиштето во целина би бил бавен. Исто така треба да го потхранува ентузијазмот со нови акции, нови напори, нова визија.

***Работа со стручните органи во училиштето –*** Директорот ги планира и одржува Наставничките совети и одделенските совети, учествува во работата на Стручните активи и останатите стручни тела во училиштето.

***Советодавна работа со родителите на учениците***

Советодавната работа на директорот со родителите на учениците е една од работите со која се среќава во текот на целата година, со цел за изнаоѓање на адекватни правилни решенија во интерес на учениците. ***Нормативната дејност*** се огледа во следење, проучување, консултирање за законите, прописите и нормативите и нивната правилна примена.

**НЕПОСРЕДНО СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**

- Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето 2022/23;
- Подготвување Програма за развој на училиштето;
- Увид во техничката и другата подготвеност на училиштето за работа;
- Запознавање со општата програмска структура
- Формирање на паралелки, воспитно – образовни групи и распределба на часови;
- Свечен прием на учениците во прво одделение;
- Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација;
- Помош во изработката на годишните и тематските распределенија на наставниците;
- Советодавна – консултативна работа со наставниците,родителите,учениците;
- Следење на редовната настава и воннаставните ученички активности;
- Следење на работата на комисиите формирани во училиштето;
- Следење на работата на техничкиот персонал;
- Следење на работата на административниот персонал;
- Ораганизација и учество во одбележување на празници и други настани;
- Организација во работата на сметководството и увид во финансиски-материјалното работење на училиштето.

**АНАЛИТИЧКО СТУДИСКА РАБОТА**

- Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците;
- Изготвување на извештаи ( полугодишни и годишни за постигнувањата во работењето во текот на учебната година);
- Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво полугодие,трето тримесечие и крај научебната 2021/22 година;
- Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи и др.
- Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно-образовниот процес.

**ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА РАБОТА**

- Насоки за планирање на наставата: глобално, тематско,
- процесни планирање;
- Планирање на формите, методите и наставните средства;
- Увид во планирањето на наставата;
- Работа со помладите наставници - организација на наставата, посета на
- Часови;
- Посета на часови од редовната настава, дополнителната настава
- и слободните ученички активности;
- Увид на дневните подготовки на наставниците за час;
- Увид во реализација на наставниот план и програма;
- Увид во работата на стручните органи;
- Увид во работата на часот, планирањата и дневникот за работа на наставниците, е-дневникот, психолошката служба , библиотеката и административно-техничкиот кадар

**СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИ**

- Помош при конституирање на работата на ученичките организации, (учество и помош на нивните состаноци);
- Насочување и давање помош во организирање на културно-забавниот живот на учениците;
- Присуство на родителските средби;
- Учество во работата на Советот на родители (На покана од претседателот на Советот на родители);
- Следење на резултатите од индивидуалната и групната советодавна работа ( наставник – родител – ученик );
- Наградување на ученици кои се истакнале на натпревари по одделенија
- предмети и активности, како и прогласување на ученик на генерација;
- Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување;
- Организирање активности за одржување на хигиената во училиштето
- и надвор од него.

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**

- Учество во планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите во работата со Советот на родители на училиштето на барање од претседателот на Советот на родители;
- Планирање и реализација на родителски средби;
- Групни и ндивидуални средби со родители;
- Известување на родителите за работата на училиштето и за измените на правата и обврските на учениците;
- Превземање на проектни активности во кои се вклучени и родителите;
- Редовно информирање и вклучување на родителите во работата на училиштето.

**КОНЦЕПЦИСКО ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ**

- Распределба на активностите на наставниците по предмети, наставни часови, одделенски раководства и стручни активи;
- Соработка и следење на работата на стручните органи и стручните соработници;
- Планирање и програмирање на редовната, изборната, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности и увиди во нивните работи;
- Учество во реализацијата на развојниот план на училиштето стручно усовршување – посета на семинари, симпозиуми и состаноци.

**РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Учество и планирање на работата на стручните органи ( Одделенски Совети, Стручни активи, Наставнички Совети);
- Подготвување и одржување на работната седница на Наставничкиот Совет;
- Работа на Одделенски совети на кои се разгледува успехот, поведението и редовноста научениците во двете тримесечијата и полугодието;
- Увид на Дневникот на паралелката;
- Одржување одделенски совети и наставнички совети за утврдување на годишниот успех.

**СЛЕДЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**

- Запознавање со новите наставни планови и програми, учебници, прирачници;
- Следење и вреднување на наставата;
- Стручно усовршување на наставниот кадар;
- Поттикнување на наставниците за координирана работа и тимска и кооперативна работа;
- Активно следење на реализацијата на програмските задачи на сите стручни органи во училиштето.

**ПЕРМАНЕНТНО, СТРУЧНО ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**

- Следење и помош при стручното усовршување на наставниот кадар;
- Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература;
- Усовршување на методите за работа во наставата;
- Организира менторства за наставници – приправници.
-

**СЛЕДЕЊЕ НА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Инвестиционо одржување на училишниот објект и инвентар;
- Увид во работењето на сметководителот;
- Изработка на Годишен финансиски план, План за јавни набавки, месечни извештаи, Годишна завршни сметки на сметководителот.

**СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

- Раководителот на одделението за образование на Општина Карпош;
- Градоначалник на Општина Карпош;
- Совет на Општина Карпош;
- Соработка со основните и средни училишта во општината;
- Соработка со установи од областа на : културата, здравството,безбедноста.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН – ДИРЕКТОР 2021/2022 година

| Активности | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | | | | | | | | | | | | |
| *Наставнички совети* | | | | | | 3.2.2022 | 2.3.2022 | 5.4.2022 | 31.5.2022<br>26.5.2022 | 9.6.6.2022<br>16.6.2022<br>22.6.2022 | 6.7.2022 | |
| *Одделенски совети* | | | | | | | | 4.4.2022 | | 9.6.2022<br>15.6.2022 | | |
| *Совет родители* | | | | | | 11.2.2022 | | | | | | |
| *Родителски средби* | | | | | | 1.2.2022 | | 6.4.2022 | | 9.6.2022<br>16.2.2022 | | |
| *Активи* | | | | | | Актив на одделенски наставници24.2.2022 посета од директор | Актив на природно математичка група предмети 14.3.2022 посета од директор | Стручен актив на јазична група предмети,општествени науки 07.04.2022 посета од директор | Стручен актив вештини и уметничко технички предмети 05.05.2022 Посета од директор | Стручен актив на јазична група предмети,општествени науки 17.06.2022 посета од директор | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| *УО* | | | 30.11.2021 | 1.12.2021 | | | 16.3.2022 | 5.4.2022<br>7.4.2022<br>29.42022 | 16.5.2022 | 1.6.2022<br>2.6.2022<br>16.6.2022 | | |
| *Педагошка евиденција* | Во текот на второто полугодие | | | | | | | | | | | |
| *Тематски распределенија* | Во текот на второто полугодие | | | | | | | | | | | |
| *Е-дневник* | | | | | | 20.2.2022 | 20.3.2022 | 20.4.2022 | | 20.6.2022 | | |
| *Посета на час* | | | | | | 14.2.2022-18.2.2022 | | | 17.5.2022<br>18.5.2022 | | | |
| *Индивидуални* | Во текот на второто полугодие | | | | | | | | | | | |
| *Соработка со тимови* | | | | | | 23.2.2022 | 3.3.2022 | 11.4.2022 | 13.5.2022 | x | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Јавни настани* | | | | | | | | | 4.5.2022<br>27.5.2022 | 7.6.2022<br>3.6.2022 | | |
| ЛОКАЛНА | Во текот на второто полугодие | | | | | | | | | | | |
| *Актив директори* | | | | | | | | | | 22.6.2022 | | |
| *Со градоначалник* | | | | | | | 10.3.2022 | | 6.5.2022 | 13.6.2022 | | |
| *Совет на општина* | | | | | | | 9.3.2022 | 20.4.2022 | 10.5.2022 | 8.6.2022 | 1.7.2022 | |
| *Активности на Општина Карпош КЦК* | | | | | | | | | | | | |
| БРО | | | | | | | | | | | | |
| *Соработка со одгов.советни* | | | | | | | | | | | | |
| *Увиди* | | | | | | | | | | | | |
| МОН | | | | | | | | | | | | |
| *Состанок* | | | | | | | | | | | | |
| *Увид ДПИ, Соработка со ДПИ* | | | | 6.12.2021 | | 3.2.2022 | | 1.4.2022 | 26.5.2022 | | | |
| НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА | | | | | | | | | | | | |
| *Училишта* | | | | | | | | | 12.5.2022 | | | |
| *Обуки* | | | | | | | | | *15.4-17.4.2022* | | | |
| *Презентации* | | | | | | | | | | | | |
| *Институции* | | | | | | | | | | | | |
| СОРАБОТКА СО УЗ (Бардовци и Злокуќани) | Во текот на второто полугодие | | | | | | | | | | | |
| МИО | Во текот на второто пологудие | | | | | | | | | | | |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2021/22 ГОДИНА

| Реализирана активност | Цели | Соработници | Време на реализација | Методи и постапки при реализација | Исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на Годишна програма за сопствена работа и изработка на план на активности | Дефинирање на активностите<br>Редослед на активностите | директор<br>Наставници | Јули<br>Август<br>2021 | Согледувања од досегашната практика, извештаи за работа | Изготвена програма за работа и изготвен план на активности |
| Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето | Дефинирање на активностите | директор<br>Наставници | Јули<br>Август | Дискусија,<br>Договори со тимовитеза изработка | изготвена програма за работа |
| Учество во работата на активите, одделенските совети и наставничкиот совет на училиштето | Навремено информирање, следење на ВОП | директор<br>претседатели на активите,<br>наставници | Одржани совети во текот на учебната 2021/<br>2022 година | Дискусија,<br>договор | Учество на советите |
| Учество во изработката на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа и работата на училиштето | Презентирање и проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | директор<br>претседатели на активите,<br>наставници | Јануари 2022/ јуни 2022 | Обработка на податоци од дискусии, доставување на извештаи, | Изготвен полугодишен и годишен извештај за работата |
| Учество во изработка на самоевалуацијата на училиштето | Проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | Директор,<br>тимови по подрачја,<br>наставници,<br>родители | август<br>2021–<br>јуни<br>2022 | Обработка на податоци од прашалници, дискусии, разгледување на извештаи, консултации | Работа во тимови, сумирање на добиените резултати, изработка на крајниот извештај за самоевалуација |
| Помош на тимовите во изработка на програми за работа со ПОП (надарени ученици, ученици со потешкотии во учењето, емоционални проблеми, пор. на однесувањето) | Идентификација на учениците,<br>- определување на активностите | директор<br>наставници<br>вотимови<br>дефектолог | Јули, август,<br>2021 | Следење на реализацијата<br>Разгледување на извештаи, записници, консултации со наставници, предлози | Изготвени програми за работа со ПОП: надарени ученици, ученици со потешкотии во учењето и др. и следење на реализацијата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење и учество во реализација на програми за работа на тимовите на проектите и ученичките организации: ДО, УП и ПЦК | -Дефинирање на активностите<br>Следење и реализација на активностите<br>-Поддршка на тимовите | директор<br>наставници | Во текот на учебната година | Разгледување на извештаи, записници,консултации со наставници, предлози | Одржани состаноци, реализирани активности |
| Работилници од Програма за професионална ориентација на учениците | Запознавање и насочување на учениците за избор на идното Образование,<br>Следење на презентации од средни училишта | директор<br>наставници | 8.10.2021<br>18.10.2021<br>30.10.-1.11. 2021<br>21.12.2021<br>5.05.2022, 30.05.2022 | Работилница, дискусија, презентации | Изработка на портфолио,<br>Учество на дигитален саем за средно стручно образование,<br>Тест за самодоверба<br>Мотивација за учење<br>Тест РИАСЕК,<br>Тест за емоционална зрелост |
| Извештаи по класификациони периоди за анализа на успехот и поведението со интерпретација на добиени резултати | Податоци за постигањата на учениците | Наставници, директор | По квалификациските периоди во учебната година | Анализа на прегледи, споредбена анализа на податоците | Статистичка обработка на податоци, изготвени писмени извештаи и анализи |
| Статистички податоци за училиштето и учениците по пол, националност, запишани и незапишани, бројна состојба и сл. | Информации за МОН и општината | Директор, наставници | Во текот на учебната година | Прегледи, записници, извештаи | Доставени податоци |
| Прием и упис на деца вон законскиот уписен рок и деца кои се со надмината возраст | Прием на документи | Комисија за упис | Во текот на првото полугодие | Разговори, интервју провењрка на знаења | Запишани 3 ученици во 1, 2 и 4 одд. со прил.програми за прво одделение |
| Поделба на покани на терен во МЗ Злокуќани и Бардовци | Список од МВР | Комисија за поделба на покани | 20.05. 2022 | Разговори, поделба на покани на родители | Записник од реализирана активност |
| Прием и нупис на деца за прво одделение за учебната 2022/2023 година | Прием на документи | Комисија за упис | Мај 2022 | Разговори со родители, интервју и набљудување на децата за прво одделение | Записник и истакнат список на примени првачиња |
| Координатор на државно тестирање на учениците во трето одделение | Обука, тестовен материјал, | Определен координатор, заменик, тестатори, резервни тестатори | 1.06.2022 (макед. j.)<br>2.06.2022 (матем.) | Состаноци со директор, координатори,тестатори, Презентација, прашалници за директор, ученици, наставници, родители, | Реализирани тестирања, Доставени материјали до ДИЦ |
| Советодавно-консултативна работа со наставници | Информации, заклучоци од следење на учениците | наставници | Во текот на учебната година | Разговори со наставници за редовност, промени во однесување и постигањата на учениците | Предлози за понатамошна работа со учениците, разговори со ученици и родители, посета на семејства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со локалната самоуправа | Соработка со одделение за образование во ОК,; ЗУ Ѓорче Петров; ЦСР; МВР, НВО „Млади правници„ | Директор, наставници | во текот на првото полугодие | Состаноци, навремено доставување на податоци, консултации, заеднички активности | Доставени статистички прегледи по доставените барања, размена на податоци, стручни консултации, писмена комуникација |
| Учество во работата на секцијата на училишни психолози Психовизија | Соработка со психолози од др. училишта, | Директор, наставници | 5.10.2021 (со физичко присуство),<br>Во текот на учебната година | стручни презентации, работилници и дискусии, онлајн средби и комуникација на Viber | Присуство на состаноци |
| Водење на професионално досие на наставниците и педагошки картон | Континуирана грижа за личниот професионален развој | Директор, наставници | во текот на учебната година | Ажурирање на податоци | Континуирана грижа за личниот и професионален развој на наставниците |
| Учество во реализацијата на проектите кои се одвиваат во училиштето | Пружање на стручна помош, насоки и поддршка на тимовите за реализација на проектите<br>Координатор на проекти<br>- Координатор за МИМО | Директор, наставници во тимовите, | во текот на учебната година | Дискусии, презентации, реализирани работилници и средби | Проекти:<br>„Децата не се раѓаат со предрасуди“;<br>„Круг на пријателство“;<br>„Прифаќање и толеранција на децата со пречки во развојот“ - унапредување на мултикултурализмот<br>„Намалување на нееднаквоста во образованието“<br>-учество во реализација на активностите, извештаи |
| Водење на лично досие | Континуирана грижа за личниот професионален развој | Директор | 23-26.2021<br>4-5.09.2021<br>30.11.-2.12.2021 | Обуки на локално ниво и пошироко | Учество на обуки: - Училишни инклузивни тимови; Проценка на когнитивен и бихејвиорален статус кај млади<br>Трговија со луѓе/деца; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
